ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 7 став (5) од Законот за ловството („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/09, 136/11, 1/12, 69/13, 164/13, 187/13, 33/15, 147/15, 193/15 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОВСТВОТО И ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДИВЕЧОТ ПОД ЗАШТИТА ВО РЕПРОЦЕНТРИТЕ ЗА 2020 ГОДИНА

## I

Со оваа програма се утврдува видот и обемот на активностите кои ќе се финансираат со средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/19), извршителите на работата, изворот и износот на средствата, како и начинот на користење на средствата за развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2020 година.

## II

За извршување на активностите од дел I на оваа програма, предвидени се средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, раздел 14001 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 2-Шумарство, Потпрограма 20Шумарство, Ставка 485 – Вложувања и нефинансиски средства, во износ од 2.400.000,00 денари и тоа за:

| ВИД НА МЕРКА | КРИТЕРИУМ И ВИСИНА НА ПОДДРШКА | ВКУПНО ИЗДВОЕНИ СРЕДСТВА |
|---|---|---|
| **Финансиска поддршка за развој и унапредување на ловството** | | |
| Исполнување на обврските на Владата на Република Северна Македонија за управување на државните ловишта Лешница, Полаки, Јасен и Јасен I | | |
| А. Финансирање на трошоци за храна на дивечот | Критериум:<br>- *потпишан договор за управување со дивечот во ловиште*<br><br>Висина на поддршка:<br>*50% од трошоците* | 2.400.000,00 |
| Б. Финансирање на трошоци за изградба на ловнотехнички објекти (хранилишта, солишта, поилишта и др.). | Критериум:<br>- *потпишан договор за управување со дивечот во ловиште*<br><br>Висина на поддршка:<br>*50% од трошоците* | |
| **ВКУПНО:** | | **2.400.000,00** |

III

Финансиските средства од оваа програма ги користат управувачите со дивечот во државните ловишта.

IV

Исплатата на средства се врши согласно договорот за управување со дивечот во државното ловиште потпишан помеѓу Владата на Република Северна Македонија и управувачите со државните ловишта.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10512/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.